# З А П И С Н И К
**од Деведесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 25.9.2018 година**

**Скопје, септември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 25.9.2018 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Арбер Адеми, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и Ана Петровска, државна секретарка во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записникот од 86-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 4.9.2018 година

- Информација за Програмите на Унијата за 2017 година
- Статус на реализација на Рамковниот договор

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Годишна сметка на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје за 2016 година и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје во 2016 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2016 година и Предлог-одлуки за давање согласност

2. Годишна сметка на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје за 2017 година и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје во 2017 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2017 година, дополнување кон материјалот и Предлог-одлуки за давање согласност

3. Барање нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Македонија, со Предлог-одлука

4. Информација со нов текст на Годишен извештај за работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2017 година, со Предлог-одлука

5. Информација за просторно сместување на Агенцијата за цивилно воздухопловство

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности У.Бр.45/17

7. Информација за давање на трајно користење на деловна зграда вон стопанство на Општина Василево, со Предлог-одлуки

8. Информација за пренесување на правото на трајно користење на недвижни ствари на Општина Охрид, евидентирани во имотни листови 93812 и 95189 за КО Охрид 2 (поранешна касарна „Генерал Михајло Апостолски“), со Предлог-одлуки

9. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на АД „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје

**б) Економски систем и тековна економска политика**

10. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средно општинско училиште, со ученички дом „Димитар Влахов“ – Струмица, со Предлог-одлука

11. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопанско-индустриски комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Непроштено-вон г.р., Општина Теарце, со Предлог-одлука

12. Информација за спроведувањето на активностите за Поддршка на приватниот сектор од страна на центрите за развој на планските региони - Регионални бизнис центри за периодот од јануари 2018 до мај 2018 година

13. Барање за автентично толкување на член 14 став 3 точка 1 и точка 5 од Законот за данокот за додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 93/00, 8/01, 31/01, 21/03, 17/04, 19/04, 13/06, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16)

14. Барање за автентично толкување на член 2 точка 4 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/05, 79/06, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 178/16, 30/18 и 120/18

**в) Политички систем**

15. Информација за учеството на делегацијата на Република Македонија на 73-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, со Предлог-платформа

16. Информација за програмата и приоритетите на Австриското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

17. Предлог-решение за назначување на претседател и членови на Координативното тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки

18. Информација за планирање на опремувањето и модернизацијата на Армијата на Република Македонија во Предлог-буџетот на Министерството за одбрана за период 2019 – 2021 година

19. Информација за одржан Четиринаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација, помеѓу Европската Унија и Република Македонија, што се одржа на 15.5.2018 година во Скопје

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

20. Предлог-уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2019 година

21. Предлог-уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2019 година

22. Предлог-уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и градот Скопје за 2019 година

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

23. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Центар за култура - Крива Паланка

24. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип

25. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа -Центар за култура „Кочо Рацин“ - Кичево

28. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје

29. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура -Дебар

30. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Кинотека на Македонија

31. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Библиотека „Кочо Рацин“ - Тетово

32. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Центар за култура „АСНОМ“ - Гостивар

33. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа-Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Центар за култура „Браќа Миладиновци“ - Струга

**б) Политички систем**

35. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управен суд

36. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар

37. Барање на Демир Шуаре, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа - Клиничка болница Битола

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

39. Барање за давање на автентично толкување на член 2, став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор, поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

40. Иницијатива од Фудбалски клуб „Беласица" ДООЕЛ Струмица, застапувани од адвокат Ване Андреев доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.87/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 9-а став 3 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16)

41. Иницијатива од Драган Пешевски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр 82/2018, за поведување на постапка за оценување на уставност и законитост на член 1 став 1 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија" бр.11/2018).

42. Статут на Универзитетот „Евро-Балкан" Скопје (Универзитет „Евро-Балкан" Скопје)

43. Понуда од нотарката Јасмина Радончиќ од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 37164 за КО Ѓорче Петров 5 Лепенец на КП бр. 2459/2

44. Понуда од нотарката Лидија Рибарева од Штип за продажба на косопственички дел на недвижен имот со Имотен лист бр.104 за КО Брест на КП бр.1754

45. Понуда од нотарот Ирфан Јонузовски од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.52708 за КО Визбегово на КП бр.671

**д) Други предлози**

46. Кадровски прашања

47. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

48. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Македонија, за периодот април - јуни 2018 година, со табеларен приказ

49. Извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за државни патишта за периодот април - јуни 2018 година

50. Тромесечен финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот април-јуни 2018 година

51. Извештај за работа на Инспекцискиот совет и Информација за работа на инспекциските служби за втор квартал за 2018 година

52. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за месец јули 2018 година

53. Информација за реализација на средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, за Потпрограмата 4А - Плоштад Скендербег, (01 јануари - 31 декември 2017 година)

54. Информација за статус за користење на Твининг инструментот

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

55. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот

56. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување

57. Информација за обезбедување на дополнителни финансиски средства за финансирање на политичките партии за тековната 2018 година

58. Информација за спроведување на договорите за концесија на дивечот во ловиштата со кои управува концесионерот Здружение на ловци „Сокол“ - Куманово, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата

59. Информација за предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на договор за заемно признавање на професионалните квалификации за доктори по медицина, стоматолози, архитекти и градежни инженери меѓу земјите од Западен Балкан, со Нацрт –договор

60. Извештај во врска со имплементацијата на јавните политики за интеграција на Ромите во Република Македонија за 2017 година во рамките на иницијативата Интеграција на Роми 2020

61. Предлог-одлука за престанување на правото на користење и давање на право на сопственост на општина Куманово

*

*       *

**Владата без забелешки го усвои Записникот од 86-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 4.9.2018 година**

*

*       *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Информација за Програмите на Унијата за 2017 година**

Владата не расправаше по Информацијата за програмите на Унијата за 2017 година.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје за 2016 година и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје во 2016 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2016 година и Предлог–одлуки за давање согласност ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје во 2016 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза – Скопје во 2016 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје за 2017 година и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје во 2017 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2017 година, дополнување кон материјалот и Предлог–одлуки за давање согласност ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза - Скопје во 2017 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза – Скопје во 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата по Барањето нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Македонија, со Предлог– одлука заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие „Македонијапат“ – Скопје, во предложениот текст.

2. Трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавното претпријатие „Македонијапат“ – Скопје.

3. Нафтените деривати кои се отстапуваат Јавното претпријатие „Македонијапат“ – Скопје да ги преземе од Град Скопје (од позајмените/издадени 2.160.000 литри Еуродизел БС на Град Скопје, за потребите на ЈСП, што Градот треба да ги врати на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати).

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата со нов текст на Годишен извештај за работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2017 година, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за 2017 година за работењето на Агенција за храна и ветеринарство (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за просторно сместување на Агенцијата за цивилно воздухопловство, со дополнувањето кон неа и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во рок од седум дена да одржи координативен состанок со Агенцијата за цивилно воздухопловство, во врска со обезбедување на деловен простор, согласно наводите во Информацијата, имајќи ги предвид реалните потреби и функционалност на Агенцијата за цивилно воздухопловство и за истото да ја информира Владата во рок од 30 дена.

2. Се укажува на Агенцијата на цивилно воздухопловство во рок од седум дена, да одржи координативен состанок со Бирото за јавни набавки за решавање на прашањето на склучените договори и незавршени постапки за јавни набавки и по истото да ја информира Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за цивилно воздухопловство, во рок од 30 дена, да ја информира Владата за проектите за отворање на регионална канцеларија на EASA за Балканот во Скопје, во просториите на Агенцијата, согласно преговорите кои се воделе и за отворање на испостава на Сингапурската академија за обука на воздухопловни кадри, согласно мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности У.Бр.45/17, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на трајно користење на деловна зграда вон стопанство на Општина Василево, со Предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради потребата АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје да постапи по задолжението од Извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика од 21.9.2018 година и да донесе соодветна одлука за престанок на потребата од понатамошно стопанисување со недвижните ствари.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за пренесување на правото на трајно користење на недвижни ствари на Општина Охрид, евидентирани во имотни листови 93812 и 95189 за КО Охрид 2 (поранешна касарна „Генерал Михајло Апостолски“), со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Охрид (од Министерство за одбрана), во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Охрид (од Министерство за образование и наука), во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Охрид (од Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид), во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на АД „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средно општинско училиште, со ученички дом „Димитар Влахов“ - Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средното општинско училиште со ученички дом „Димитар Влахов“ - Струмица, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопанско-индустриски комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Непроштено-вон г.р., Општина Теарце, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна

пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопанско-индустриски комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Непроштено-вон г.р., Општина Теарце, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведувањето на активностите за Поддршка на приватниот сектор од страна на центрите за развој на планските региони - Регионални бизнис центри за периодот од јануари 2018 до мај 2018 година, ја усвои и го задолжи Министерството за локална самоуправа, најдоцна до март 2019 година да ја информира Владата за резултатите од спроведувањето на активностите за поддршка на приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони – Регионални бизнис центри.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Барањето за автентично толкување на член 14 став 3 точка 1 и точка 5 од Законот за данокот за додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“, бр.44/1999, 59/1999, 86/1999, 11/2000, 93/2000, 8/2001, 31/2001, 21/2003, 17/2004, 19/2004, 13/2006, 33/2006, 45/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011, 135/2011, 135/2011, 155/2012, 12/2014, 112/2014, 130/2014, 15/2015, 129/2015, 129/2015, 225/2015, 23/2016 и 189/2016), го прифати Барањето и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

**Точка 14**

Владата го разгледа Барањето за автентично толкување на член 2 точка 4 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/05, 79/06, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 178/16, 30/18 и 120/18), го прифати Барањето и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за учеството на делегацијата на Република Македонија на 73-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, со Предлог-платформа, ја усвои Информацијата и ја прифати Предлог-платформата за учеството на делегацијата на Република Македонија на 73-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на Австриското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, д-р Рената

Дескоска, министерка за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доколку добијат покана за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија, да учествуваат на истите, а по одржувањето на состаноците во рок од 15 дена да ги известат Владата, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

**Точка 17**

Владата го донесе најновиот текст на Решението за назначување на претседател и членови на Координативното тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за планирање на опремувањето и модернизацијата на Армијата на Република Македонија во Предлог-буџетот на Министерството за одбрана за период 2019 – 2021 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана, по предлог на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, средствата за опремување и модернизација на Армијата на Република Македонија кои ќе бидат опфатени во Предлог-буџетот за периодот 2019 - 2021 година, да се планираат за набавка на опрема која е приоритетна и која со сигурност ќе биде дел од новиот План за опремување и модернизација.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Канцеларијата за одбранбена соработка на САД, да ги искористи можностите кои ги нуди Програмата за набавка на нова и современа опрема со западни платформи ERIP (European Recapitalization Incentive Program), потребна за опремување на декларираните сили, посебно на Лесната пешадиска баталјонска група.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан Четиринаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација, помеѓу Европската Унија и Република Македонија, што се одржа на 15.5.2018 година во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку Секретаријатот за европски прашања, да иницира технички состанок со Европската комисија за да се идентификуваат причините за постојаните разлики во податоците за трговска размена за некои индивидуални земјоделски производи, со цел изнаоѓање на заедничко решение, најдоцна до 30 септември 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја финализира легислативата поврзана со консолидација на земјоделското земјиште, во согласност со Програмата за економски реформи (ERP) и препораките на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (FAO), најдоцна до 31

декември 2018 година и за тоа да ја извести Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во материјалите за следниот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство да вклучи индикатори за подобрување на системот за наводнување, просечна големина на фармите, број на земјоделски задруги и да ја измени и дополни легислативата за земјоделски задруги, според новата легислатива на ЕУ (мај 2019 година).

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да продолжи со навремено спроведување на активностите од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020, вклучително и редовен мониторинг и евалуација и да се подготви за подготовка на новата стратегија.

Истовремено, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја извести Европската комисија за реализираните активности, на следниот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство (мај 2019 година).

5. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја започне постапката за воспоставување на шалтер за консултантски услуги за ИПАРД, најдоцна до 31 декември 2018 година и за истото да ја извести Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања.

6. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го поднесе пакетот за акредитација на мерката „Рурална инфраструктура“ од ИПАРД 2 Програмата до Европската комисија, најдоцна до 30 октомври 2018 година.

7. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Националниот координатор за авторизација при Министерството за финансии, да ги преземат сите активности за подготовка на пакетот за акредитација на мерката „Рурална инфраструктура“ од ИПАРД 2 Програмата, согласно роковите предвидени со Акцискиот план за акредитација на мерката „Рурална инфраструктура“.

8. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги вклучи во материјалите за следниот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство информациите за директните плаќања (тип на плаќања, вид на фарми, тип на култури, цели на политиката), како и информации за статусот на спроведувањето на барањата за вкрстена усогласеност (SMR и GAEC), (мај 2019 година).

9. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа, преку Секретаријатот за европски прашања да го достави до Европската комисија првиот нацрт на документот - Статус на здравје на растенијата (PHS), најдоцна до 30 септември 2018 година и првиот нацрт на Планот за непредвидени ситуации (за E. amylovora и Plum pox virus), најдоцна до крајот на март 2019 година.

10. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа да подготви и до Владата да достави Предлог - закон за заштита на растенијата најдоцна до 31 декември 2018 година и за тоа да ја извести Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања.

11. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа да воспостави Фитосанитарен информативен систем, најдоцна

до 31 декември 2019 година и за тоа да ја извести Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања.

12. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да започне активности за воспоставување на систем за идентификација и регистрација на копитари, најдоцна до 30 март 2019 година.

13. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, преку Секретаријатот за европски прашања да го достави до Европската комисија предлогот за регионалниот ИПА проект поврзан со „Единствен здравствен пристап“ за земјите од Западен Балкан, најдоцна до 31 декември 2018 година.

## Точка 20

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и градот Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Центар за култура - Крива Паланка, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура – Дебар, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Кинотека на Македонија, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Библиотека „Кочо Рацин“ - Тетово, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Центар за култура „АСНОМ“ - Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Центар за култура „Браќа Миладиновци“ - Струга, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управниот суд (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 36

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Демир Шуаре, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања на материјалот.

## Точка 38

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ - Битола, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 2, став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор, поднесено од пратеничката Ивана Туфегџиќ и притоа го утврди следново мислење:

Членот 2 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор предвидува дека функционерите, односно лицата кои добиле мандат да извршуваат функција на претседателски, парламентарни или на локални избори, лицата кои добиле мандат да извршуваат функции во извршната или во судската власт преку избор или именување од Собранието на Република Македонија или од органите на локалната власт, како и други лица кои согласно со закон се избрани или именувани на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт, во смисла на овој закон, не се сметаат за вработени во јавниот сектор.

Со доставеното Барање за давање на автентично толкување, покрај од потребата за давање мислење по член 2 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор, подносителот предлага да се изврши разграничување на правата и обврските на избраните и именуваните лица за времетраење на мандатот од оние на вработените во јавниот сектор, односно дали избраните и именуваните лица времето кое го поминале на функција треба да се смета за работно искуство.

Во поглед на предметното Барање за давање на автентично толкување, Владата на Република Македонија, Ве известува за следново:

Со членот 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, со овој закон се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработување, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Според членот 1 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91 и 38/91) и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13 и 139/14),

право на плата во месечен износ за вршење на функцијата имаат претседателот на Република Македонија, функционерите избрани од редот на пратениците, функционерите и лицата кои ги избира или кои ги именува Собранието, носителите на правосудни функции, функционерите кои ги именува претседателот на Република Македонија и кои ги именува Владата на Република Македонија.

Притоа, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, не го разработуваат поимот работно искуство. Единствено, согласно Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), работно искуство во струката е периодот евидентиран во агенција за вработување како работен стаж, кој вработениот го поминал во работен однос после стекнување на определен степен и вид на образование и во кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование. Делот на плата за работниот стаж на административен службеник се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Членот 10 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката го поврзува искуството со пресметката на плата, односно платата на функционер и на раководен работник се утврдува на начин што основицата за пресметување на плата се множи со утврдениот коефициент и се зголемува за процентот за работното искуство. Работното искуство се вреднува така што платата во месечен износ се зголемува процентот утврден за работното искуство од 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Притоа, потребно е да се има во предвид дека Законот за вработените во јавниот сектор прави класификација на работни места во јавниот сектор во групи и подгрупи на работни места во јавниот сектор, според природата, овластувањата, дејностите од јавен интерес и техничкиот карактер на работните места.

Заради единствено и квалитетно управување со човечките ресурси на ниво на институција, односно на ниво на јавен сектор, се воспоставува Регистар на вработените во јавниот сектор, кој преку информационен систем за управување со човечки ресурси го воспоставува и во електронска форма го води Министерството за информатичко општество и администрација, а членот 35-б од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15 и 148/15), предвидува дека државната комисија води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал. Регистарот претставува единствена база на податоци за избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал.

Во поглед на разграничувањето на правата и обврските на вработените во јавниот сектор и именуваните и избраните лица, единствено разграничување прават претходно цитираните закони преку воспоставувањето и водењето на регистар на вработените во јавниот сектор и регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал.

Имајќи го предвид фактот дека вработените во јавниот сектор и секое избрано и именувано лице се евидентира во Агенцијата за вработување на Република Македонија,

односно секое евидентирање на работен стаж претставува работно искуство, како и околноста дека функционерите, односно лицата кои добиле мандат да извршуваат функција на претседателски, парламентарни или на локални избори, лицата кои добиле мандат да извршуваат функции во извршната или во судската власт преку избор или именување од Собранието на Република Македонија или од органите на локалната власт, како и други лица кои согласно со закон се избрани или именувани на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт, во смисла на овој закон, не се сметаат за вработени во јавниот сектор, Владата на Република Македонија смета дека членот 2 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор е јасен и прецизен и за истиот не е потребно автентично толкување.

## Точка 40

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Трговското друштво за спорт, Фудбалски клуб Беласица ДООЕЛ Струмица, застапувани од адвокат Ване Андреев од Струмица, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.87/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 9-а став 3 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/2016, 55/16, 61/16 и 106/16) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот предлага поведување постапка за оценување на уставноста на член 9-а став 3 од Закон за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016 и 190/2016), бидејќи е повреден член 9, член 20 став 1 и член 55 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 20 став 1 од Уставот на Република Македонија, на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања.

Согласно член 55 од Уставот на Република Македонија, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Согласно член 5 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16), заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија, под услови и на начин утврдени со закон, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Согласно член 6 од Законот, спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт (во натамошниот текст: спортски клуб). На трговското друштво кое врши дејност спорт, согласно со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва. Трговското друштво е должно редовно да доставува

финансиски извештаи и врз основа на извештајот да се врши контрола од страна на соодветна институција согласно со закон.

Согласно член 6-а од Законот, спортските клубови кои се натпреваруваат во највисокиот степен на натпревари во сениорска конкуренција, во спортови во кои се организира сениорски систем на натпревари во повеќе степени во фудбал, кошарка, ракомет и одбојка се регистрираат како акционерски друштва согласно со Законот за трговските друштва. Називот на фирмата на акционерското друштво од ставот 1 на овој член, покрај елементите согласно со Законот за трговските друштва го содржи и видот на спортот за кој е основан спортскиот клуб, регистриран како акционерско друштво согласно со овој закон.

Согласно член 8 од Законот, спортски клуб, регистриран како здружение, може да престане со работа како здружение и да се регистрира како трговско друштво за вршење дејност спорт.

Согласно член 9 од Законот, одлука за престанок на спортски клуб, како здружение, заради основање на спортски клуб како трговско друштво, согласно со член 8 од овој закон, носи Собранието на спортскиот клуб со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

Согласно член 9-а од Законот, професионален статус, во смисла на овој закон има спортски клуб кој е основан за вршење на спортски активности за учество во системот на спортски натпревари. Професионален спортски клуб може да биде клуб кој учествува во највисокиот степен на натпревари во соодветната национална спортска федерација и кој има склучено договори за професионален настап, со најмалку 50% од вкупниот број на натпреварувачи кои настапуваат во највисокиот систем на натпревари во сениорска конкуренција во однос на бројот на пријавените за натпреварувачката година во листата која ја води соодветната спортска федерација. Професионален спортски клуб во фудбал, кошарка, ракомет и одбојка во највисокиот степен на натпреварување е акционерско друштво.

Согласно цитираните законски одредби, Законот за спортот ги уредува условите и начинот на вршењето на дејноста спорт, стопанисувањето со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, како и други прашања од значење за спортот. Воедно, меѓу другото се предвидува основање на акционерски друштва само на клубовите кои имаат професионален статус и се натпреваруваат во соодветна национална спортска федерација. Оттука, сите клубови од останатите спортови, како и клубовите од пониските по ранг натпреварувања можат да се основаат и функционираат како здруженија или да имаат форма на организирање согласно Законот за трговските друштва, меѓу кои е и акционерското друштво.

Имено, спортскиот клуб кој нема да се трансформира како акционерско друштво, останува здружение, но не може да се натпреварува во највисокиот степен на натпревари во фудбал, кошарка, ракомет и одбојка.

Оттука, се смета дека Законот за спортот е во согласност со членот 9, членот 20 став 1 и 2 и член 55 од Уставот на Република Македонија, со кој на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања, како и тоа да можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.

Исто така, Законот е во согласност и со одредбата од член 47 став 5 од Уставот согласно која „Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот“ преточена во одредбите од Законот за спортот во насока на поттикнување на нивото на организираност на клубовите заради зголемување на нивната професионалност, што упатува на тоа дека само преку изнаоѓањето на законски решенија со кои ќе се обезбедат стабилни извори за финансиска одржливост на спортот и негово поттикнување ќе се гарантира опстојување на спортот во Република Македонија.

Врз основа на наведеното, се смета дека Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9-а став 3 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16) е неоснована, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

## Точка 41

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија, под У.бр 82/2018, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1 став 1 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2018), поднесена од адвокат Драган Пешевски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува член 1 од Законот за амнестија. Имено, подносителот во Иницијативата наведува дека член 1 е спорен најмногу во делот на „правосилноста на пресудата“. Исто така, подносителот смета дека „овој член е во спротивност со повеќе членови од Уставот на Република Македонија и осудените или обвинетите лица ги става во нерамноправна положба и тоа во голем дел од случаите по вина на државните органи.“ Понатаму, подносителот на Иницијативата истакнува дека по објавувањето на Предлог-законот за амнестија, па се до неговото донесување, одреден број обвинети лица се обиделе да ги доврршат постапките со користење на институтот спогодување или со признание на вина, но, како што наведува подносителот, во тоа биле оневозможени по вина на државните органи. Исто така, подносителот наведува и одредени практични пречки за оние лица кои побарале предвремено издржување на казната затвор, а не биле спроведувани до судовите од страна на затворските установи. Со тоа, како што наведува подносителот на Иницијативата, оспорениот член од законот бил спротивен со членот 8 во делот на владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, како и членот 9 во однос на еднаквоста на граѓаните, од Уставот на Република Македонија.

Во член 1 од Законот за амнестија е пропишано дека:

„Со овој закон се уредува ослободување од извршување на казна затвор (во натамошниот текст: амнестија):

-на лицата осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со Кривичниот законик или други закони, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале или не започнале со издржување на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија и

-на лицата осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со кривични закони на друга држава доколку сторителот е државјанин на Република Македонија и казната ја издржува во Република Македонија врз основа на извршување

на кривична пресуда на странски или меѓународен суд и истата е признаена со пресуда на надлежен суд во Република Македонија.“

Согласно членот 8 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, меѓу другите, се дефинирани како темелни вредности на уставниот поредок.

Во членот 9 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот на Република Македонија и законите се еднакви.“

Во однос на оспорениот член, истакнуваме дека не е во спротивност со Уставот на Република Македонија затоа што законодавецот мора да утврди услов за примена на законот, а тоа е за лицата кои се амнестираат, меѓу другото, да има донесено правосилни пресуди. Притоа, истакнуваме дека воопшто не се работи за нееднаквост на граѓаните затоа што законот важи за сите лица кои ги исполниле условите, меѓу кои е и условот тие да се осудени со правосилна пресуда. Ова право на законодавецот извира од правото на државата да пропишува казнени дела и казни и да ги изрекува и извршува казнено-правните санкции спрема сторителите на казнени дела. Во однос на вториот сегмент, се истакнува дека изрекувањето и извршувањето на казнено-правните санкции не е апсолутно право, туку под одредени услови државата може да се откаже или да ги редуцира санкциите пропишани во законите. Откажувањето од правото на казнување или ублажувањето на строгоста на правосилните казнени осуди е акт на милост на државата, оправдан со некои изменети општествени околности или посебни интереси на државата.

Сепак, поради сензитивноста на амнестијата, ова право на државата секогаш се поставува рестриктивно и институтот амнестија е кренат на уставно рамниште со дадено овластување на парламентите. Овој принцип од казнено-правната теорија е почитуван и во Република Македонија. Имено, во член 68, став 1, во алинејата 18 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека Собранието е надлежно да дава амнестија.

Оспорената одредба од Законот е во согласност со Уставот на Република Македонија и од причина што законот со кој се дава амнестијата секогаш треба да се однесува на определена категорија на казнени дела, на определена категорија сторители или осудени лица, или на определени казни. Токму ова стојалиште прифатено од казнено-правната теорија е имплементирано и во Законот за амнестија донесен од Собранието на Република Македонија во 2018 година.

Исто така, се истакнува дека слични одредби како оспорениот член се содржани и во други закони за амнестија кои ги има донесено Собранието на Република Македонија во минатото. Така, во член 1, ставот 1 од Законот за амнестија донесен во 1999 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 6/1999) е пропишано дека:

„Лицата осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија и Кривичниот закон на Република Македонија - општ и посебен дел и Кривичниот закон на Република Македонија од суд во Република Македонија или на кои суд во Република Македонија им изрекол единствена казна затвор, како и лица осудени со правосилна пресуда од суд на поранешните југословенски републики, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржувањето на казната затвор во казнено-поправните установи во

Република Македонија, се ослободуваат од извршувањето на казната (во натамошниот текст: амнестија), и тоа:

-осудените лица - сторители на кривичните дела предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост по член 319 од Кривичниот законик, неизвршување судска одлука по член 377 од Кривичниот законик и организирање на отпор по член 387 од Кривичниот законик - потполно се ослободуваат од извршувањето на казната,

-осудените лица - примарни сторители на кривични дела, со исклучок на осудените од алинеја 4 на овој став - се ослободуваат за 25% од неиздржаниот дел на казната,

-осудените лица - повторници на кривични дела, со исклучок на осудените од алинеја 4 на овој став - се ослободуваат за 15% од неиздржаниот дел на казната и

-осудените лица - сторители на кривичните дела недозволено држење оружје или распрскувачки материи; неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори и овозможување на употреба наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори - се ослободуваат за 10% од неиздржаниот дел на казната."

Номотехниката и начинот на пропишување на амнестијата од оспорениот член од Законот за амнестија е пракса и во компаративното право. Имено, слични решенија се содржани и во законите за амнестија од регионот (Србија, Босна и Херцеговина, Република Српска и Црна Гора).

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека со оспорениот член 1, став 1 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија", бр. 11/2018), не се повредени одредбите од членот 8 и од членот 9 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 став 1 од Законот за амнестија.

**Точка 42**

Владата го одложи разгледувањето на Статутот на Универзитетот „Евро - Балкан" – Скопје, за наредната седница на Владата, откако претходно истиот ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за образование и наука да достави мислење по новиот текст на Статутот на Универзитетот „Евро - Балкан" - Скопје.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Јасмина Радончиќ од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 37164 за КО Ѓорче Петров 5 Лепенец на КП бр. 2459/2 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел на недвижен имот со Имотен лист бр.104 за КО Брест, КП бр.1754 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

## Точка 45

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.52708 за КО Визбегово, КП 671 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 46

**1.** Владата го разреши Дејан Ампев од должноста вршител на должноста заменик-координатор на Националниот координативен центар за гранично управување, на негово барање.

## Точка 47

**1.** Владата заклучи Министерството за внатрешни работи да префрли финансиски средства во висина од 6.000.000,00 денари на сметката на „11 Октомври – Еурокомпозит“ АД Прилеп, со цел подмирување на заостанатите обврски, надминување на состојбите во Друштвото и продолжување со работењето.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 17.9.2018 година до 23.9.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

## Точка 48

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Службен весник на Република Македонија“, за периодот април - јуни 2018 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи ЈП „Службен весник на Република Македонија“ во рок од 15 дена да достави информација за причините за зголемување на трошоците, со споредбени единечни цени за печатење претходно и сега за службениот и огласниот дел, со оглед на тоа дека ЈП „Службен весник на Република Македонија“ има зголемени трошоци за печатењето.

## Точка 49

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот април - јуни 2018 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

## Точка 50

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, за периодот април-јуни 2018 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

## Точка 51

Владата го разгледа Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и Информација за работа на инспекциските служби за втор квартал од 2018 година, како материјал за

информирање, согласно член 15 став (9) и член 16-а став (15) од Законот за инспекциски надзор.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за јули 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, за Потпрограмата 4А - Плоштад Скендербег, (1 јануари – 31 декември 2017 година), како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за статус за користење на Твининг инструментот, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата, предлагачот, текстот на материјалот да го усогласи со Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереничка Љубица Караманди-Попчевски, државна советничка во Министерството за правда.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлог–законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереничка Радица Лазареска Геровска, државна советничка во Министерството за правда.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на дополнителни финансиски средства за финансирање на политичките партии за тековната 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди во буџетот на Министерството за правда дополнителни средства во вкупен износ од 183.156.358,00 денари до 1.3.2019 година, наменети за редовно финансирање на политичките партии за 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди во буџетот на Министерството за правда средства во вкупен износ од 12.081.527,00 денари наменети за партиските истражувачко-аналитички центри (ПИАЦ) за 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за правда да ја дополни Информацијата и како последен став да се наведе дека министерот за правда ќе донесе решение за изменување на Решението од член 10 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии за 2018 година, заради усогласување со одредбите од член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/18), според кој извршена е замена на процентот од 0,06% на 0,15%, односно вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии се во висина од 0,15% од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Македонија (Предлог-заклучокот бр.2 изостанува).

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на договорите за концесија на дивечот во ловиштата со кои управува концесионерот Здружение на ловци „Сокол“ - Куманово, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата – 24 одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе одлуките кои предлагачот пред потпишување ќе ги усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на договор за заемно признавање на професионалните квалификации за доктори по медицина, стоматолози, архитекти и градежни инженери меѓу земјите од Западен Балкан, со Нацрт-договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Нацрт-договорот за заемно признавање на професионалните квалификации за докторите по медицина, стоматолози, архитекти и градежни инженери меѓу земјите од Западен Балкан, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува шефот и членовите на делегацијата на Република Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на договор за заемно признавање на професионалните квалификации на докторите по медицина, стоматолози, архитекти и градежни инженери меѓу земјите од Западен Балкан.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Македонија да го парафира текстот на Договорот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува делегацијата на Република Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Договорот.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со имплементацијата на јавните политики за интеграција на Ромите во Република Македонија за 2017 година во рамките на иницијативата Интеграција на Роми 2020, со Извештај за спроведување на јавната

политика за интеграција на Ромите во Република Македонија за 2017 година (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за спроведување на јавната политика за интеграција на Ромите во Република Македонија за 2017 година.

2. Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Аксел Ахмедовски, да го достави Извештајот за спроведување на јавната политика за интеграција на Ромите во Република Македонија за 2017 година, до Регионалниот совет за соработка, најдоцна до 3 октомври 2018 година.

**Точка 61**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерство за правда – Управа за водење на матични книги, во предложениот текст.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**